**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: Меморандум) е склучен на ден 01.10.2025 година помеѓу:

1. Здружение за поддршка, соработка и социјална правда **СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА – СИЛА** Скопје, застапувано од законскиот претставник на здружението Антонио Станковски (во понатамошниот текст: Здружението) и,

2. **ДАБО 2024 ДОО,** застапувано и управувано од управителот Далибор Стевковски (во понатамошниот текст: Ресторанот)

**Член 1** – Цел на соработката

Целта на овој Меморандум е да се воспостави рамка за соработка преку која членовите на Здружението ќе имаат можност да го посетуваат Ресторанот, со што ќе придонесат за неговата промоција, а во замена ќе им биде одобрен попуст на вкупната сметка.

**Член 2** – Обврски на страните

**Здружението СИЛА** се обврзува да:

- Ги информира своите членови за соработката со Ресторанот;

- Поттикнува редовни посети од страна на членовите;

- Ја промовира соработката и Ресторанот преку свои комуникациски канали (социјални мрежи, настани, состаноци, итн.)

**Ресторанот Хавана (ДАБО 2024 ДОО)** се обврзува да:

- Обезбеди попуст од 15% на вкупната сметка за членовите на Здружението;

- Ги информира вработените за условите на оваа соработка;

- Обезбеди пријатна и професионална услуга за членовите на Здружението.

**Член 3** – Верификација на членство

За остварување на попустот, членовите на Здружението ќе се идентификуваат со важечка членска карта издадена од страна на Здружението СИЛА.

**Член 4** – Временско траење

-Овој Меморандум е склучен на неопределено време а стапува во сила од денот на неговото потпишување.

- Секоја страна може да го раскине Меморандумот со писмено известување најмалку 15 дена однапред.

**Член 5 – Спречување на злоупотреба и одговорно однесување**

-Членовите на Здружението се должни да го почитуваат правилото за лична употреба на членската карта или друг документ што им обезбедува попуст.

-Строго е забрането давање, позајмување или препуштање на членска карта или документ на трети лица, кои не се членови на Здружението.

-Во случај на утврдена злоупотреба, Здружението има право да преземе интерни дисциплински мерки, вклучително и укинување на правото на користење на попустот за одреден член.

-Членовите на Здружението се обврзуваат на културно, коректно и соодветно однесување при посетата на Ресторанот. Во случај на недолично однесување, Ресторанот има право да одбие да пружи услуги со попуст, а Здружението да биде информирано за истото.

-Здружението и Ресторанот ќе соработуваат во духот на меѓусебна доверба

**Член 6** – Завршни одредби

- Овој Меморандум не создава финансиски или правно обврзувачки обврски, туку претставува израз на добра волја и меѓусебна соработка.

- Сите евентуални недоразбирања ќе се решаваат по пат на взаемна согласност и меѓусебен дијалог.

Во знак на согласност, страните го потпишуваат овој Меморандум во два (2) истоветни примероци, по еден за секоја страна.

За Здружение СИЛА

Име и Презиме: Антонио Станковски

Функција: Законски Застапник

За Ресторан ДАБО 2024 ДОО

Име и Презиме: Далибор Стевковски

Функција: Управител